## Политика за приватност на надворешни соработници и акционери

За цели на реализација на предметот на договорите склучени согласно Законот за облиагационите односи и/или другите релевантни закони, ХАЛКБАНК води збирка со лични податоци на надворешни соработници - евиденција на физички лица ангажирани со договор за дело, или друг облагационо – правен договор.

Рок за чување на личните податоци од оваа евиденција е 5 години од реализација на договорот, а истиот е утврден во корелација со Законот за облигационите односи и интерните акти на ХАЛКБАНК.

За цели на спроведување на конкретни права и обврски од областа на трговското право, ХАЛКБАНК води збирка на акционери (евиденција на акционери – физички лица). Евиденцијата на акционери почнува да се води со денот на запишувањето на акционерот во книгата на акции согласно закон, а престанува да се води по истекот на рокот утврден со закон. Рок за чување на личните податоци на акционерите физички лица изнесува 10 години од истекот на годината за која што се однесуваат – пасивно водење, а рокот за чување на личните податоци е утврден согласно Законот за трговските друштва и документацијата за архивско работење на ХАЛКБАНК.

Категории на корисници на кои личните податоци се откриваат

Личните податоци кои согласно закон ги обработува и води ХАЛКБАНК, може да ги открие на следните категории на корисници:

- Органи на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, во рамките на нивните овластувања и под услови утврдени во согласност со закон;
- Јавни служби согласно закон;
- Физички и правни лица кои за конкретен случај имаат статус на корисник согласно Законот за заштита на личните податоци, кој е овластен да ги обработува тие лични податоци, следејќи ги и приемнувајќи ги притоа правилата за заштита на личните податоци и прописите во однос на банкарската тајна (извршители, адвокати, нотари, УЈП...).

За сите случаи кога ХАЛКБАНК дава лични податоци на користење, води посебна евиденција, согласно Законот за заштита на личните податоци.

Акционерите на ХАЛКБАНК и надворешните соработници – физички лица на ХАЛКБАНК, своите права како субјекти на личните податоци согласно одредбите за заштита на личните податоци, можат да ги остварат на начинот опишан во делот ,,**Кои се Вашите права?“ од Политиката за приватност.**